Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија—.

Бр.01-873/5 Претседател
27 септември 2017 година на Советот на експерти, Скопје д-р **Булент Дервиши,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**2741.**

Врз основа на член 158-ѕ точка 1) а во врска со член 18 став (10) и член 21-б од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија— бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015 и 23/2016), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден
28.9.2017 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА И НАЧИНОТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ КВАЛИФИКУВАНО УЧЕСТВО ВО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ, ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКО ДРУШТВО И ДРУШТВО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за потребната документација и начинот за стекнување квалификувано учество во друштво за осигурување, осигурително брокерско друштво и друштво за застапување во осигурување („Службен весник на Република Македонија— бр. 58/2013 и 35/2017), во Дел II. СОГЛАСНОСТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ КВАЛИФИКУВАНО УЧЕСТВО ВО ДРУШТВО
ЗА ОСИГУРУВАЊЕ, во член 2 во став (3) по точката 3. се додава нова точка 3.а која гласи:

—3.а. Извори на средства за уплата на капиталот, и тоа:

3.а.1 Изјава на надлежен орган на правното лице, за потеклото на средствата со кои правното лице ќе стекне акции во друштвото за осигурување; и

3.а.2 Соодветен доказ за изворот на средствата со кои правното лице ќе стекне акции во друштвото за осигурување, во висина најмалку еднаква на номиналната вредност на акциите кои се предмет на стекнување (ревизорски извештај на правното лице, завршна сметка или друг соодветен доказ).‖

Во ставот (5), во точката 3.2 по зборовите: —во друштвото за осигурување‖ се додаваат зборовите: —во висина најмалку еднаква на номиналната вредност на акциите кои се предмет на стекнување‖.

Член 2

Во Дел III. СОГЛАСНОСТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ
КВАЛИФИКУВАНО УЧЕСТВО ВО ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКО ДРУШТВО, ОДНОСНО ДРУШТВО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕ, во член 3 во став (3) по точката 1 се додава нова точка 1.а која гласи:
—1.а Податоци за бројот на акции кои лицето има намера да ги стекне во осигурително брокерското друштво односно друштвото за застапување во осигурување, податоци за бројот на акциите кои лицето можеби веќе ги поседува во тоа друштво, како и податоци за процентот на учество во капиталот на друштвото пред и по стекнувањето на акциите;‖

Во точка 3, во подточките 3.1 и 3.2 зборовите: —друштвото за осигурување‖ се заменуваат со зборовите: —осигурително брокерското друштво односно друштвото за застапување во осигурување‖.

Во точка 5, подточката 5.1 се менува и гласи: —5.1 Изјава на надлежен орган на правното лице, дека правното лице не е поврзано лице со друго правно лице во кое осигурително брокерското друштво односно друштвото за застапување во осигурување (во кое лицето има намера да стекне квалификувано учество), директно или индиректно, поседува сопственост на најмалку 10% од капиталот или правата на глас во тоа лице;‖

Во ПРИЛОГ 1 – Образец Б-СКУДО во фуснотата 2 зборовите: ‖ставот (4)‖ се менуваат со зборовите —ставот (5)‖.

Во ПРИЛОГ 4 – Образец Б-СКУ-ОБД/ДЗ во фуснотата 5 зборовите: ―ставот (5)‖ се менуваат со зборовите ―ставот (4)‖.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија‖.

Бр. 02-476/6 Совет на експерти
28 септември 2017 година Претседател, Скопје д-р **Климе Попоски,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник: Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2017 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622
2017138